Архивски знак: 0105
Рок на чување: трајно год.
23.12.2011 година
Потпис

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ОДОБРУВАЊЕ НА ОДЛОЖУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДОЛГ

Декември, 2011

Врз основа на член 7 став 2 од Законот за Царинска управа („Сл.весник на РМ" бр.46/04 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10 и 53/2011), директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ОДОБРУВАЊЕ НА ОДЛОЖУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДОЛГ

## I. Општи одредби

1. Со ова Упатство се уредува начинот и постапката кои ги спроведуваат организационите единици на Царинската управа на Република Македонија (во натамошниот текст: Царинска управа) при одложување на плаќањето на увозни или извозни давачки и други давачки со еднаков економски ефект, како и на сите други давачки и даноци за кои царинските органи се надлежни да ги наплаќаат во царинска постапка.

2. Условите под кои може да се одобри одложување на плаќање на увозните или извозните давачки се пропишани со одредбите на Царинскиот закон, кои воедно се применуваат и за другите давачки и даноци, освен кога одложувањето на нивното плаќање не е уредено на поинаков начин со прописите со кои истите се пропишани.

3. Одложувањето на плаќање на увозни или извозни давачки и други давачки со еднаков економски ефект, како и на сите други давачки и даноци (во натамошниот текст: царински долг) може да се одобри најдолго до 30 дена за кој период не се пресметува и наплатува камата.

4. Приемот и обработката на барањата за одложено плаќање на царински долг, проверката на исполнетоста на условите, како и изготвувањето на одлуките по поднесените барања е во надлежност на Секторот за царински систем, Одделение за царински и даночни постапки (во натамошниот текст: Одделение за царински и даночни постапки).

5. Правилното спроведување на донесените одлуки за одобрување на одложување на плаќање на царински долг е во надлежност на Царинарниците преку царинските испостави во моментот на поднесување на царински декларации за пуштање на стока во слободен промет (во натамошниот текст: царински декларации).

6. Следењето на плаќањето на одложениот царински долг и преземањето на навремени мерки и активности за наплата на истиот преку активирање на прифатениот инструмент за обезбедување на плаќањето е во надлежност



ДИ

на Секторот за сметководство и финансии – Одделение за наплата на приходи, буџет и гаранции.

Одделението за наплата на приходи, буџет и гаранции е должно континуирано и во итна постапка да го извести Одделението за царински и даночни постапки доколку утврди дека имателот на одобрението за одложено плаќање не го платил царинскиот долг во пропишаниот рок.

7. Организационите единици на Царинската управа при спроведување на одредбите на ова Упатство се должни меѓусебно да комуницираат на начин и постапка утврдени со Прирачникот за интерна комуникација помеѓу организационите единици во ЕДМС.

## II. Постапка и услови за одложување на плаќање на царински долг

8. Постапката за одложување на плаќање на царински долг започнува со поднесување на барање на образец даден во Прилог 1 кон ова Упатство.

   Подносител на барањето од став 1 на оваа точка, како и корисник на одложеното плаќање на царински долг може да биде само примачот на стоката, наведен во рубрика 8 на царинската декларација.

9. Архивата на Царинската управа веднаш по извршениот прием на барањето од точка 8 на ова Упатство, а пред да го додели на натамошна постапка на Секторот за царински систем, проверува дали е платена пропишаната административна такса за овој вид на поднесоци и постапува согласно одредбите на Упатството за начинот на наплата на административни такси, а доколку барањето е испратено преку порталот за електронска достава на барања на интернет страницата, со истиот се постапува согласно одредбите на Корисничкото упатство за архивска обработка на електронски барања.

10. Одделението за царински и даночни постапки по прием на барањето е должно во рок од 2 дена да утврди дали истото ги содржи сите податоци и/или докази кои овозможуваат проверка на исполнетоста на условите за одобрување на одложување наведени во точка 12 и 13 на ова Упатство.

11. Доколку со проверката на поднесеното барање се утврди дека не ги содржи сите потребни податоци и/или докази релевантни за одлучување или истото е поднесено од неовластено лице, Одделението за царински и даночни постапки е должно во рок од 2 дена до подносителот на барањето да достави покана со опомена за отстранување на недостатоците или

дополнување на барањето, определувајќи му рок не подолг од 10 дена во кој е должен да го стори истото.

Во случај кога подносителот на барањето во определениот рок не постапи по поканата, Одделението за царински и даночни постапки е должно најдоцна во рок од 2 дена од истекот на тој рок да изготви Заклучок, даден во Прилог бр.2 на ова Упатство, со кој барањето се отфрла согласно одредбите на Законот за општата управна постапка.

## III. Услови за одобрување на одложено плаќање на царински долг и начин на проверка на нивната исполентост

12. Одобрение за одложување на плаќање може да се издаде само доколку подносителот на барањето ги исполнува следните услови:
    - е сигурен и финасиски стабилен, односно има добра финансиска способност која е доволна за исполнување на своите обврски,
    - уредно ги исполнува своите обврски и не е поврзан со друга/и фирма/и која има неподмирено царински давачки (долг) по решенија/декларации према Царинската управа,
    - ги води сите пропишани евиденции кои даваат можност за непречена контрола,
    - во последните три години не ги повредил царинските и даночните прописи,
    - има искуство во царински постапки повеќе од една година и
    - има поднесено инструмент за обезбедување на настанатиот долг (гаранција).

13. Одделението за царински и даночни постапки врши проверка на исполнетоста на условите од точка 12 на ова Упатство, на следниот начин:
    - условот „да е сигурен и финансиски стабилен" е целосно исполнет кога подносителот на барањето:
        - приложи Извештај за извршена ревизија од овластен ревизор со позитивно мислење за финансиските извештаи за последните 3 (три) фискални години, во случај кога станува збор за трговско друштво опфатено со одредбите од член 478 став 1 од Законот за трговски друштва („Сл. весник на РМ" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 47/10 и 24/11). Во ваков случај, ако во моментот на поднесување на барањето подносителот не располага со потребниот Извештај, тогаш прифатливо е да поднесе финансиски извештаи (биланс на состојба и биланс на успех) за последната фискална година, но доколку кон нив поднесе и писмена изјава со која се обврзува дека Извештајот ќе го достави веднаш, а најдоцна во рок

од 15 дена од изготвување на истиот, како и доказ за извршениот избор на овластен ревизор од страна на собирот на содружниците, односно собранието на подносителот на барањето, или

- приложи Информација за економско финансиска состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија врз основа на докази (документ: Податоци за учесник во платен промет) издадени од неговата деловна банка, во случај кога станува збор за трговско друштво кое не е опфатено со одредбите од член 478 став 1 од Законот за трговски друштва.

– условот „уредно да ги исполнува обврските" е целосно исполнет кога подносителот на барањето:
  - уредно ги исполнува обврските по царински постапки и не е поврзан со друга фирма која има неподмирено царински давачки (долг) по решенија/декларации спрема Царинската управа, што се докажува со прибавени писмени информации по службена должност од надлежните организациони единици на Царинската управа;
  - навремено и целосно ги подмирува сите даночни обврски и придонеси кај надлежните институции, што се докажува со писмена Потврда издадена од Управата за јавни приходи дека уредно ги подмирува сите обврски и други јавни давачки (данок на додадена вредност, придонеси кон Фондот за здравствено осигурување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Агенцијата за вработување и др.).
– условот „да ги води сите пропишани евиденции кои даваат можност за непречена контрола", е целосно исполнет кога кон барањето е приложена писмена Изјава на подносителот на барањето во која се наведени видовите на пропишани евиденции, местото (седиштето) каде се водат овие евиденции и лицата (назив со единствен даночен број) кои се одговорни за нивно правилно водење. Во случај кога се користи банкарска гаранција чиј имател е друго лице, кон барањето се приложува и Изјава од тоа лице за видот и начинот на водење на евиденција во врска со задолжување и раздолжување на банкарската гаранција.
– условот „во последните три години не ги повредил царинските и даночните прописи“ е целосно исполнет кога во периодот од 3 години сметано од денот на поднесување на барањето, подносителот на барањето не сторил повреда на царинските и даночните прописи, што се докажува со прибавени писмени информации по службена должност од надлежните организациони единици на Царинската управа.
– условот „има искуство во царински постапки повеќе од една година", е целосно исполнет кога во периодот од 12 месеци сметано од денот на поднесување на барањето, подносителот на барањето бил

учесник во некоја од царинските постапки: пуштање на стока во слободен промет, транзит, царинско складирање, увоз за облагородување, преработка под царинска контрола, привремен увоз, извоз за облагородување или извоз.

- условот „има поднесено инструмент за обезбедување на настанатиот долг (гаранција)" е целосно исполнет кога поднесената гаранција е прифатена и евидентирана во Царинската управа, согласно одредбите од точките Д-1-1-4-1 и Д-1-1-4-2 од Упатството за царински долг број 07-13077/1 од 27.12.2005 година, а доколку како обезбедување на долгот се користи банкарска гаранција чиј имател е друго лице, кон барањето треба да е приложен Договор со имателот на таа гаранција за нејзина употреба во постапката на одложување на плаќање на царинскиот долг.

## IV. Инструменти за обезбедување на царински долг (гаранција) за периодот на одложување

14. Како инструмент за обезбедување на царинскиот долг (гаранција) за периодот на одложување може да се користи гаранција од подносителот на барањето или од друго лице, во облик на:
- банкарска гаранција или
- готовински депозит.

Прифатена гаранција за обезбедување на плаќањето на одложениот царински долг врз основа на која се издадава одобрението за одложено плаќање не може да се користи за:
- обезбедување на долг во постапки во кои се применува редовниот рок на плаќање од 10 дена,
- обезбедување на долг во постапка со економски ефект и
- одложување на плаќање на долг пресметан во постапка на дополнителна наплата.

## V. Издавање и укинување на одобрението за одложено плаќање на царински долг

15. Во текот на проверката на исполнетоста на условите од точка 11 на ова Упатство, Одделението за царински и даночни постапки е должно да ги обезбеди потребните податоци и/или докази од точка 12 и 13 на ова Упатство и врз нивна основа најдоцна во рок од 5 работни денови да изготви:

- одобрение за одложено плаќање на царински долг, во форма на забелешка на поднесениот образец на барањето од точка 8 на ова Упатство или
- решение со кое барањето се одбива како неосновано, со образложение на причините за тоа одбивање.

Одделението за царински и даночни постапки изготвеното одобрение од став 1 алинеја 1 на оваа точка е должно веднаш да го евидентира во евиденцијата од точка 19 на ова Упатство и да му додели евидентен број кој понатаму во постапката на царинење ќе се запишува во рубрика 44 од царинските декларации.

16. По предлог на помошник директорот на Секторот за царински систем одлуките од точка 15 ги донесува директорот на Царинската управа или од него овластено лице.

17. Доколку имателот на одобрението не ги исполнува обврските кои му се определени со одобрението, како и доколку настанат околности спротивни на условите врз основа на кои е издадено одобрението, или пак доколку во постапка на контрола кај имателот на одобрението се утврдат неправилности, Одделението за царински и даночни постапки е должно веднаш да спроведе постапка за укинување на издаденото одобрение и истото да го евидентира во евиденцијата од точка 19 на ова Упатство со цел царинските испостави да го оневозможат натамошното користење на постапка за одложено плаќање од страна на тој имател на одобрение, а во смисла на точка 20 од ова Упатство.

    Во случајот од став 1 на оваа точка, Одделението за царински и даночни постапки е должно веднаш да ги извести Одделението за наплата на приходи, буџет, гаранции и анализи и Одделението за анализа на ризик, кое понатаму е должно во Системот за обработка на царински декларации да имплементира соодветни критериуми на ризик со цел на царинските испостави да им се овозможи правилно да ја утврдат состојбата и да ја применат точка 20 на ова Упатство.

## VI. Евиденција и надзор

18. Одделението за царински и даночни постапки е надлежно за уредно правилно евидентирање на примените барања и донесените одлуки на начин и постапка уредени со Корисничкото упатство за евиденција на управни предмети во ЕДМС.

19. Одделението за царински и даночни постапки води евиденција на иматели на одобренија за одложено плаќање на царински долг, по број на одобрение и број на инструмент за обезбедување.

20. Царинарниците преку царинските испостави се должни во постапката на царинење со одложено плаќање на царински долг да внимаваат бројот на одобрението од точка 15 на ова Упатство задолжително да е впишан во рубрика 44 од царинската декларација и со проверка во евиденцијата од точка 19 на ова Упатство да утврдат дали инструментот за обезбедување на царинскиот долг наведен во рубрика 48 од царинската декларација е опфатен со одобрението, а доколку тоа не е случај таа царинска декларација да ја отфрлат.

21. Секторот за професионална одговорност и Одделението за внатрешна ревизија се должни да вршат надзор над спроведувањето на постапката пропишана со ова Упатство од страна на надлежните организациони единици на Царинската управа.

## VII. Преодни и завршни одредби

22. Непридржувањето кон ова Упатство повлекува дисциплинска одговорност.

23. Се задолжуваат Секторот за царински систем во рок од 5 дена да го објави ова Упатство на интернет и интранет страницата на Царинската управа.

24. Се задолжуваат Царинарниците преку царинските испостави да ги известат сегашните корисници на одложено плаќање на царински долг за начинот и постапката на одложување на плаќање на царински долг согласно ова Упатство и да ги повикаат најдоцна до 31-ви март 2012 година да поднесат барање определено со точка 8 на ова Упатство, со напомена дека по овој рок нема да можат да ја користат оваа законска можност.

25. Се задолжува Секторот за информациски и комуникациски технологии во рок од 60 дена да ја воспостави електронската евиденција од точка 19 на ова Упатство и да овозможи увид и користење на истата од страна на царинските испостави.

26. Се задолжуваат Секторот за царински систем и Секторот за информациски и комуникациски технологии во соработка со Секторот за управување со човечки ресурси - Одделение за обуки, во рок од 30 дена да

организират презентација на ова Упатство на царинските службеници на надлежните организациони единици.

27. Со денот на примена на ова Упатство, престануваат да се применуваат одредбите од точките Д-1-4-1, Д-1-4-2 и Д-1-4-3 од Упатството за царински долг број 07-13077/1 од 27.12.2005 година и измените број 07-960/2 од 27.01.2006, 10-2053/2 од 01.02.2006, 1007-8745/1 од 01.06.2007, 1007-15055/1 од 17.09.2007, 10-15808/2 од 27.09.2007 и 10-17177/2 од 19.10.2007 година.

28. Ова Упатство влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува од 1-ви јули 2012 година.

Број: 01 - 043285/11-0001
Скопје, 21.12.2011 година
2 3 -12- 2011

Директор,
Ванчо Каргов

Прилози:
- Прилог бр.1: Барање за одложување на плаќање на царински долг
- Прилог бр.2: Заклучок за отфрлање на барањето

Изработиле: Драган Ивановски
Јовица Кипријановски
Александра Илиевска Мишковска
Одобрил: Анастас Маженковски
Согласен: Методи Мицевски

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Кабинет на директорот, заменик директор, помошници директори на Сектори, управници на Царинарници, советници на директорот, началници на самостојни одделенија |
| Примерок доставен: | На хартија, објавен во електронска форма на интранет страната на Царинската управа |
| Време на ревидирање: | Прво ревидирање во месец декември 2011 година и усогласување со измените на Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на царинскиот закон, кои се применуваат од 01.01.2012 година |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за управување со човечки ресурси |

Прилог бр.1

До: Царинска Управа на Република Македонија

| БАРАЊЕ/ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДЛОЖУВАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДОЛГ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Податоци за подносителот на барањето | | | |
| | Назив | | | |
| | Адреса | | | |
| | Даночен број | | Матичен број | |
| | Одговорно лице | | Лице за контакт | |
| | Телефон/Телефакс | | Е-маил | |
| 2. | Податоци за гаранцијата | | | |
| | Денарски износ на гаранцијата | | | |
| | Банка гарант која за издала гаранцијата | | | |
| | Важност на гаранцијата | | од: | |
| | | | до: | |
| | Рок за наплата на гаранцијата | | | |
| | Евидентен број на гаранцијата | | | |
| | Поединечна гаранција | | ☐ | |
| | Општа гаранција | | ☐ | |
| 3. | Месечен просек на пресметан долг / евентуален долг во последните шест месеци (види Прилог Пресметка) | | | |
| | Износ во денари | | | |
| 4. | Висина на долг за кој се бара одложување (во денари) | | | |
| 5. | Царинска испостава во која ќе се употребува гаранцијата (се запишува шифрата и името на една или повеќе царински испостави) | | | |
| | Шифра и име | | | |
| 6. | Изјави на царинскиот должник | | | |
| | изјавувам дека сум сигурен и финансиски стабилен | | ☐ | |
| | изјавувам дека уредно ги исполнувам своите обврски и не сум поврзан со друга фирма која има неподмирен царински долг по решенија/декларации спрема Царинската управа, | | ☐ | |
| | изјавувам дека ги водам сите пропишани евиденции кои даваат можност за непречена контрола | | ☐ | |
| | изјавувам дека во последните три години не сум ги повредил царинските и даночните прописи | | ☐ | |
| | изјавувам дека имам искуство во царински постапки повеќе од една година | | ☐ | |
| 7. | Подносител на барањето | | | |
| | Име и презиме на одговорно лице | | | |
| | Потпис на одговорно лице | | | |
| (м.п.) | | | | |

| Пополнува Царинската управа | | | |
|---|---|---|---|
| 8. | Согласно член 238 од Царинскиот закон, а врз основа на податоците наведени во точка 1-7 од ова барање, Царинската управа ОДОБРУВА одложување на плаќање на износот на давачки во рок од 30 дена сметано од датумот на прифаќање на декларацијата односно пуштањето на стоката во слободен промет. | | |
| 9. | Лицето од точка 1 на ова барање СЕ ЗАДОЛЖУВА:<br>- да го плати долгот најдоцна до рокот наведен во точка 8 од ова одобрение,<br>- да води евиденција за износот и крајниот рок на одложување на долгот,<br>- да води евиденција за постапување по одобрението до износот на гаранцијата и рокот на нејзиното важење,<br>- писмено да ја извести Царинската управа за сите околности настанати по одобрувањето на одложено плаќање, а кои може да влијаат на одобрението, како и да ги стави на располагање на Царинската управа сите документи релевантни за одобрението,<br>- да овозможи непречен надзор и контрола од страна на Царинската управа во однос на исполнувањето на обврските од одобрението. | | |
| | Број<br>Скопје,<br><br>Број на одобрение | (м.п.) | Директор,<br><br>________________<br>(потпис) |

Прилог бр.2

Царинската управа, решавајќи по барањето на подносителот ______________________, со седиште во ______________ на ул.____________________, со ЕДБ __________________, надлежна врз основа на член 10 точка 7 од Законот за царинска управа и член 223 од Законот за општата управна постапка, донесува

З А К Л У Ч О К

СЕ ОДБИВА барањето на подносителот _______________од ____________ за одложување на плаќањето на царински долг во царинска постапка за пуштање на стока во слободен промет.

О б р а з л о ж е н и е

На ден ______________ подносителот _______________од _________ поднесе барање за одобрување на одложување на плаќањето на царински долг согласно член 238 од Царинскиот закон.

По извршената проверка на барањето за одложување на плаќањето на царински долг, Царинската управа утврди дека барањето:

- ☐ не ги содржи сите потребни податоци или докази релевантни за одлучување, и тоа: __________________________________________________________________
- ☐ е поднесено од неовластено лице

Царинската управа до подносителот на барањето достави покана со опомена за отстранување на недостатоците или дополнување на барањето, определувајќи му рок од 10 дена во кој е должен да го стори истото.

Бидејќи подносителот на барањето во определениот рок не постапи по поканата, Царинската управа одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок, согласно одредбите на член 65 од Законот за општата управна постапка.

ПРАВНА ПОУКА: Против овој заклучок може да се изјави посебна жалба до Министерот за финансии во рок од 8 дена од доставувањето на заклучокот. Жалбата се поднесува преку Царинската управа, таксирана со 250,00 денари административна такса од Тар.Бр.2 од ТАТ.

Жалбата не го одложува извршувањето на овој заклучок согласно член 7 став 4 од Царинскиот закон.

Директор,

Број,
Датум

Доставено до:
- подносител
- архива
- предмет